КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 841/11
17. 09. 2021 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

17.9.2021

Врз основа на членот 15 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комора) на седницата одржана на 17.9.2021 година донесе

## ОДЛУКА

за одобрување на средства за набавка на Firewall уред за серверот на Комората

1. Се одобруваат средства во висина не повеќе од 80.000 денари со вклучен ДДВ, за замена на постојниот Firewall - *Cyberoam Firewall CR10wiNG*, со нов лиценциран хардверско-софтверски firewall уред, со конфигурација и перформанси согласно Прилог 1 од оваа одлука.

2. Набавката се однесува на хардвер, софтвер и потребни лиценци за уредот.

3. Одлуката да се достави до стручната служба на Комората и сметководството.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел подобрување на безбедносните перформанси на компјутерскиот сервер на Комората и овозможување на непречен VPN (далечински) пристап на вработените на Комората до софтверската апликација на Комората, се одобруваат средства согласно диспозитивот во оваа одлука.

Претседател на Управниот одбор на Комората

М-р Кристинка Радевски, диа

Изработил ДА

Прилог 1 – спецификација на потребниот firewall уред

Хардверски перформанси:

- 8 x RJ45 порти
- 1 x SFP порт
- 1 x конзолен порт
- 64GB SSD диск

Системски перформанси:

- Конкурентни конекции: 1.000.000
- Нови конекции: 40.000
- IPS заштита: 1Gbps
- Firewall заштита: 5Gbps
- VPN заштита: 800Mbps

Лиценцирање:

- Три годишна лиценцна поддршка за неограничен број на корисници
- Вклучен веб и апликативен филтер
- Вклучена заштита од напади
- Вклучена заштита од напредни напади и ransomware во рамки на истиот уред
- Можност за идна надградба со E-mail заштита и Web апликации (WAF) преку лиценца

Понудата треба да вклучува испорака, монтажа и конфигурирање на опремата според потребите на Комората.

**Анализа на примени понуди за набавка на Firewall уред и лиценца за потребите на Комора ОАИ**

| | Компанија | email | Понуден уред + тип на лиценца | Лиценца (месеци) | Гаранција (месеци) | Понудена цена за уред, лиценца и монтажа без ДДВ* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Kabtel | info@kabtel.com.mk | Sophos Firewall XGS 107 + Xstream Protection | 36 | 36 | 48.360 ден |
| 2 | WOLFINET | info@wolfinet.com.mk | SONICWALL TZ350 + ADVANCED GATEWAY SECURITY SUITE BUNDLE FOR TZ350 SERIES | 36 | не е наведена | 65.000 ден |
| 3 | Connectel-MK | Info@connectel.mk | Sophos Firewall XGS 107 + Xstream Protection | 36 | не е наведена | 80.600 ден |
| 4 | Relisys | zika.milovanovic@relisys.com.mk | SONICWALL TZ670 + ESSENTIAL PROTECTION SERVICE SUITE FOR TZ670 | 12 | 12 | 205.733 ден |

*Износот на ДДВ е 5% за опрема и лиценци и 18% за услуга монтажа

06.05.2021 год.

Изработил: АМ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-898/2
12.10.2021 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

12.10.2021

Врз основа на одлуката за одобрување на средства од Управниот одбор на Комората број 02-841/11 од 17.9.2021, барањето за понуди број 03-898/1 од 27.9.2021, и членот 21 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Претседателот на Комората на 12.10.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

за прифаќање на понуда со најниска цена за набавка на FIREWALL уред

1. Се прифаќа понудата од КАБТЕЛ за набавка на FIREWALL уред за потребите на Комората, и тоа: XGS 107 Xstream Protection Bundle – 36 MOS (Firewall уред и лиценца за 36 месеци) за сума од 40.610 денари и инсталација и конфигурација на уредот за сума од 7.750 денари или вкупно 48.360 денари без вкалкулиран ДДВ, како најниска од четирите доставени понуди.

2. Одлуката да се достави до именуваната фирма, членовите на управниот одбор, службите на Комората и сметководството.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По одлуката за одобрување на средства од Управниот одбор на Комората број 02-841/11 од 17.9.2021 и упатеното барање за понуди број 03-898/1 од 27.9.2021, на повикот понуди доставија 4 фирми, и тоа KABTEL, WOLFINET, CONNECTEL-MK и RELISYS. Согласно доставените понуди, понуда со најниска цена, а која ги исполнува барањата и потребите на Комората е понудата од KABTEL, и истата се прифаќа и се постапува согласно диспозитивнот на оваа одлука.

Претседател на Комората

М-р Кристинка Радевски

Изработил ДА